

# Ѓорѓи Чулаковски - Ѓото

Ѓорѓи Чулаковски - Ѓото е роден во с. Герман, Грција. Факултет за ликовни уметности завршил во Приштина, а магистерски студии во Белград. Студиски патувања има во Париз, Штудгарт, Норвешка, Финска, Детроит и Куала Лумпур.

Член е на ДЛУМ, а бил и претседател на истото Друштво од 1987 - 1990г. Од 1987 - 1991г. е директор на средно уметничко училиште "Лазар Личеноски" - Скопје, а од 1999 - 2003г. е директор на Музеј на град Скопје. Во истиот период е претседател на Битолското интернационално графичко триенале.

Член е на жири комисии на повеќе изложби на "Кој е кој" во светот за крајот на векот -Американски биографски институт (од областа на графиката). Добитник е на голем број на награди од областа на графиката во светот и Р.Македонија, а и учесник на повеќе колонии.

Голем број на музеи и галерии во светот, во Македонија како и голем број на приватни колекционери се сопственици на графиките на Ѓото.

Учествувал на околу 60 групни изложби, во Р.Македонија и надвор, меѓу кои во Р.Србија, Р.Хрватска, Германија, Кина, Русија, Австралија, Бугарија, Норвешка, Финска, Франција, Шпанија.

Има околу 20 самостојни изложби, и тоа:

- 1983- Белград, галерија на ФЛУ
- 1983- Скопје, КИЦ
- 1984- Штип, Културен центар "Кочо Рацин"
- 1984- Куманово, Уметничка галерија
- 1985- Штудгарт, Бимбилген, Кунствереин
- 1987- Нови Сад, Уметнички салон
- 1987- Скопје, Клуб на писатели
- 1991- Цирих, Келер галерија
- 1992- Скопје, Национална галерија
- 1992- Прилеп, Културен центар
- 1995- Сарај, Галеријата на моето студио
- 1995- Скопски саем, Промоција на 3 мапи на графики
- 1996- Прилеп, Уметничка галерија
- 1997- Скопје, Музеј на град Скопје
- 1997- Скопје, НУБ "Климент Охридски"
- 1998- Скопје, Музеј на град Скопје, графичко студио
- 2000-Куала Лумпур, Галерија на академијата за уметности
- 2001- Куала Лумпур, Галерија на Питер Лиу
- 2003- Детроит, Уметничка галерија
- 2007- Софија, КИЦ на Р.Македонија
- 2008- Куманово, Уметничка галерија



Графиката е посебна техника на ликовно изразување со која уште од дамнешни времиња се бавеле луѓе со вешти и прецизни раце и со големо трпение. Со тек на времето доаѓа до пронаоѓање на нови материјали за изработка на печатарски плочи со што рафиката го менува својот визуелен идентитет.

Графиката претставува “повластена ликовна техника”, не само заради специфичноста и сложеноста на графичко технолошко - техничките закони и постапки , туку и заради симболичната вредност и значење којашто графиката, како ликовна форма и ликовна техника ја има.

Она што графиката ја прави графика, не е само “впишување“, “вцртување“, “врежување“ на траги, знакови или други форми, туку и отпечтување или втиснување на графички лист (како завршен чин на процесот) и репродуцирање, т.е. мултиплицирање. Затоа, графичката техника е провокативна, но и побарувањата и се повеќекратни.

Во нашата земја оваа техника својата ренесанса ја доживува во последните децении на минатиот век, преку појавата на академски образовани графичари и честата презентација на графички изложби. Меѓу овие уметници е и Ѓорѓи Чулаковски - Ѓото, кој страсно вљубен во овој медиум, адекватно ја претставува нашата република по целиот свет.

Тој има прецизен потег, а истовремено во неговите дела доминира сигурен цртеж и чувство за боја, која  во неговите графики донесува атмосфера на визуелна драматичност. За истакнување е специфичниот распоред на композицијата со која ни пренесува една лирска атмосфера од графички знаци во времето и просторот.

Катарина Јакимовска, Перо Величковски



Издавач: Национална установа музеј-Куманово
За издавачот: Јовица Станковски
Организација: Перо Величковски, Катарина Јакимовска
Дизајн на каталог: Александар Симоновиќ-Симо
Печати: Киме - Граф Куманово, Тираж: 200

Министерство за култура на Република Македонија